Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 10-1929/1
13-09-2023 год.-vit

Врз основа на член 9-д став (1) алинеја 11, а во врска со член 3 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ТРАНСПОНИРАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ ОД БР. 86 ДО БР. 93 НА ICAO, АНЕКС 10, ТОМ I**

1. Оваа оперативна директива за безбедност се носи согласно членовите 37 и 38 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство (Чикашката Конвенција), а во врска со усвојување на Амандманите од бр. 86 до бр. 93 на ICAO, Анекс 10, Том I.

2. Целта на оваа оперативна директива за безбедност е да се обезбеди хармонизација на македонскиот правен систем со регулативите и практиките на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: ICAO) заради обезбедување на безбеден, сигурен и одржлив развој на меѓународното цивилно воздухопловство преку прифаќање на документите на истата.

3. Со оваа оперативна директива за безбедност се прифаќаат Амандманите од бр. 86 до бр. 93 на ICAO, Анекс 10, Том I кој се однесува на меѓународните стандарди и препорачани практики за воздухопловни телекомуникации – радио навигациски средства.

4. Оваа оперативна директива за безбедност ќе се применува до прифаќање на Амандманите од бр.86 до бр.93 на ICAO, Анекс 10, Том I во соодветна ЕУ Регулатива, односно до нејзино транспонирање во Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење.

5. Оваа оперативна директива за безбедност влегува во сила од денот на објавување на интернет страницата на Агенција за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: АЦВ), освен Амандман 93 кој влегува во сила на 2 ноември 2023 година.

6. Со денот на влегување во сила на оваа оперативна директивна за безбедност престанува да важи „Оперативната директива за безбедност за транспонирање на Амандманите од бр. 86 до бр. 92 на ICAO, Анекс 10, Том I", бр. 10-1005/1 од 28.10.2020 год., на АЦВ.

**Директор на**
**Агенција за цивилно воздухопловство,**

**д-р Томислав Тунтев**